РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 13-03-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 37/1 | | |


( Образец ПП……)

**До: ОПШТИНА БИТОЛА**

**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: Л[redacted]е маил: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

_______________________________________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Ве молам за детална информација во врска со исплатата на штетите од земјотресот во Општина Битола од 2022. Со оглед на тоа дека проценката на штетите од страна на Општина Битола е направена пред три години, а граѓаните немаат никава информација за постапката, би скала да добијам информација која ќе ми биде исратена преку е маил:

1. До каде е постапката со проценка на штетата од земјотресот на Општина Битола?
2. Дали е донесена одлука за исплата на штетите и дали е одредена висина на средствата кои ќе бидат исплатени

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Битола, 11.03.2025 година .** ________________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561 / Bul. Goce Dellçev nr.18 Shkup F.P.561 / Blvd. Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561
Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, P.O.Box.561 тел/phone +389 2 3127 455, +389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695
Web: http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk
Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

Примил:
18.03.2025г.

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за финансиски прашања

Бр.11-37/2
18.03.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-37/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за финансиски прашања**
Одделение за буџетска координација

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 18-03-2025
11 37/3

До
Лице за посредување при остварување на слободен пристап
до информации од јавен карактер

Предмет: Барање на пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Врз основа Барањето за пристап до информации од јавен карактер со бр. 11-37/2 од 18.03.2025, Ве информираме за следното:

- Веднаш по настанатата елементарна непогода Општина Битола постапи согласно Законот за заштита и спасување формирајќи соодветни комисии и согласно доставените барања од страна на сите физички и правни лица кај кои настанала штета изготвен е елаборат за проценка на штети од земјотрес настанати на подрачјето на Општина Битола на ден 09.01.2022 година
- Советот на Општина Битола на одржаната седница на ден 10.01.2022 година донесе Заклучок со кој се бара од Владата на РСМ свикување на итна седница за разгледување на состојбата и обезбедување средства за санација на штетите предизвикани од земјотресот во Општина Битола
- Советот на Општина Битола на одржаната седница на ден 27.12.2022 година донесе Одлука за усвојување на елаборатот за проценка на штети од земјотрес настанати на подрачјето на Општина Битола на ден 09.01.2022 година, и истиот беше испратени до Владата на РСМ.
- Согласно изготвениот и усвоен елаборат за проценка на штети од земјотресот проценета е штета за вкупно 2435 правни и физички лица во вкупна вредност од 35.690.926, 00 денари.
- Владата на РСМ на 23-тата седница одржана на ден 01.10.2024 година донесе одлука да обезбеди парична помош од Буџетот на РСМ за непогода земјотрес во Општина Битола во вкупен износ од 1.784.546,00 денари. Средствата се префрлени на наменска сметка на Општина Битола на ден 24.12.2024 година.
- Доцнењето со исплатата на средствата добиени од Владата на РСМ е поради погрешно доставени податоци на дел од оштетените физички и правни лица, а бидејќи исплатата се прави на еден налог за сите 2435 правни и физички лица истиот неможе да се реализира доколку во истиот се наведени погрешни податоци.

Битола,
18.03.2025г.

Раководител на одделение
за буџетска координација
Стефани Н. Димовска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 327 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

Република Македонија

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за финансиски прашања**
Одделение за планирање и извршување на буџет

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 327 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

Бр.11-37/4
18.03.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **13.03.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-37** од **13.03.2025 година**, каде бара информации за штетите од земјотресот во Општина Битола.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted], поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-37 на ден 13.03.2025 година. Во барањето наведе дека бара информации за штетите од земјотресот во Општина Битола.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-37/1 од 13.03.2025
2.Допис до Сектор за Финансиски прашања со бр.11-37/2 од 18.03.2025
3.Одговор од Сектор за Финансиски прашања со бр.11-37/3 од 18.03.2025

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 18.03.2025 година, под бр. 11-37/4.

**Службени лица за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА